Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и точка 12 од Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/17), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

# УПАТСТВО
# за спроведување на Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки
# („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/17)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со ова упатство подетално се определува спроведувањето на Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки (во понатамошниот текст: Одлуката), односно:

- начинот на утврдување на сумарната оцена на секоја банка врз основа на пондерите на значајност на критериумите и пондерите на значајност на показателите;
- начинот на утврдување на интервалите и големината на интервалите на секоја поткатегорија на системска значајност;
- содржината на известувањето на системски значајните банки.

Изразите определени во Одлуката соодветно се применуваат и во ова упатство.

## II. СУМАРНА ОЦЕНА НА СЕКОЈА БАНКА

2. Во прилогот бр. 1 од ова упатство се прикажани пондерите на значајност на критериумите на системска значајност, квантитативните показатели вклучени во четирите критериуми на системска значајност, начинот на нивната пресметка, изворот на податоците врз основа на кои се пресметуваат овие показатели, како и пондерите на значајност на секој показател во критериумот на кој му припаѓа и во вкупната пресметка. Прилогот бр. 1 е составен дел на ова упатство.

3. Сумарната оцена на секоја банка се утврдува на следниов начин:

- вредноста на секој показател за секоја банка се добива како соодност на одделната позиција за банката и истата позиција за сите банки и се множи со 10.000 (се изразува во базични поени);
- просекот на вредноста на сите показатели за секоја банка содржани во одреден критериум, утврдена согласно со алинејата 1 од овој став, ја дава вредноста на секој критериум на системска значајност;
- просекот на вредноста на сите критериуми, утврдена согласно со алинејата 2 од овој став, ја дава сумарната оцена за секоја банка.

Збирот од вредностите на сите банки во рамките на одделните критериуми на системска значајност и во рамките на сумарната оцена изнесува 10.000 базични поени.

4. Сите банки чијашто сумарна оцена согласно со пресметката со состојба на 31 декември е еднаква или поголема од пресечната точка од 350 базични поени, претставуваат системски значајни банки.

5. Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) ги објавува системски значајните банки на својата интернет-страница, во законски пропишаните рокови.

## III. ИНТЕРВАЛИ НА СЕКОЈА ПОТКАТЕГОРИЈА НА СИСТЕМСКА ЗНАЧАЈНОСТ

6. Секоја системски значајна банка се распоредува во една од петте поткатегории на системска значајност.

Поткатегориите на системска значајност се утврдуваат на следниов начин:

- минималната вредност на првата поткатегорија на системска значајност е еднаква на 350 базични поени;
- максималната вредност на петтата поткатегорија претставува збир на сумарната оцена на банката со највисока системска значајност на 31 декември 2016 година (2.471 базичен поен) и една стандардна девијација од сумарните оцени на идентификуваните системски значајни банки (708 базични поени);
- интервалите за секоја поткатегорија на системска значајност се определуваат така што разликата помеѓу максималната вредност од алинејата 2 од овој став (3.178 базични поени) и минималната вредност од алинејата 1 од овој став (350 базични поени) се дели со 4 и оваа вредност (707 базични поени) ѝ се додава на долната граница на секоја поткатегорија на системска значајност.

Овие пресметки се однесуваат на податоците со состојба на 31 декември 2016 година, при што границите на поткатегориите на системска значајност се фиксни најдоцна со пресметката со состојба на 31 декември 2018 година.

За секоја поткатегорија на системска значајност е предвидено различно ниво на заштитен слој на капиталот за системски значајни банки, од 1% до 3,5%. Во прилогот бр. 2 се дадени интервалите на секоја поткатегорија на системска значајност и висината на заштитниот слој на капиталот за системски значајните банки. Прилогот бр. 2 е составен дел на ова упатство.

## IV. ИЗВЕСТУВАЊЕ НА СИСТЕМСКИ ЗНАЧАЈНИТЕ БАНКИ

7. Известувањето коешто, согласно со закон, Народната банка го испраќа до банката којашто е идентификувана како системски значајната банка, ја содржи стапката на заштитниот слој на капиталот за системски значајни банки којашто треба банката да ја одржува, заедно со објаснување за начинот на кој е утврдена стапката на заштитниот слој на капиталот за таа системски значајна банка.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

8. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**У бр. 8291**
**15 март 2017 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**Димитар Богов**

**Прилог бр. 1**

**Критериуми на системска значајност и квантитативни показатели (со пондери на значајност и објаснување на начинот на пресметка на показателите)**

| **Критериум на системска значајност (пондер на значајност)** | **Показател<br><br>(се пресметува за секоја банка, како соодност на одделната позиција за секоја банка и истата позиција на ниво на банкарскиот систем)** | **Опис на одделните позиции (состојба на 31 декември, освен ако не е поинаку наведено)** | **Извор на податоците (Б*, НБРМ** и/или Д***)** | **Пондер на показателот во рамки на критериумот** | **Пондер на показателот во вкупната пресметка** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Големина (25%)** | Билансни и вонбилансни активности | Нето-износ на вкупната билансна и вонбилансна изложеност прикажан во обрасците АПКР од регулативата на Народната банка за утврдување на адекватноста на капиталот. | Б | 100% | 25% |
| **Заменливост (25%)** | Кредитна изложеност кон нефинансиските лица | Кредитна изложеност кон нефинансиските друштва и домаќинствата, утврдена согласно со регулативата на Народната банка за управување со кредитниот ризик и за кредитниот регистар. | Б | 25% | 6,25% |
| | Депозити на нефинансиските лица | Средства на тековните (трансакциските) сметки, депозитите по видување, краткорочните и долгорочните депозити (вклучително и ограничените депозити) на нефинансиските друштва и домаќинствата. | Б, НБРМ | 25% | 6,25% |
| | Кредитна изложеност кон 20-те најголеми должници нефинансиски лица на ниво на банкарскиот систем | Кредитна изложеност кон 20-те најголеми должници нефинансиски лица на ниво на банкарскиот систем (не земајќи ги предвид поврзаните лица), утврдена согласно со регулативата на Народната банка за управување со кредитниот ризик и за кредитниот регистар. | Б | 25% | 6,25% |
| | Интрабанкарски платен промет | Вредност на платните трансакции во интрабанкарскиот платен промет, претставен како месечен просек од вредноста на платните трансакции во текот на годината. | Б | 25% | 6,25% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Поврзаност (25%)** | Промет на меѓубанкарскиот пазар | Износ на дадените и примените кредити, депозитите и сл. на меѓубанкарскиот пазар во земјата, вклучително и репо-трансакциите, во текот на годината. | Б, НБРМ | 33,3% | 8,33% |
| | Промет на девизниот пазар | Промет на следниве сегменти на девизниот пазар: помеѓу банките, помеѓу банките и Народната банка и помеѓу банките и другите лица (безготовински трансакции со правни и физички лица, резиденти и нерезиденти), во текот на годината. | Б, НБРМ | 33,3% | 8,33% |
| | Платен промет преку платните системи | Вредност на платните трансакции преку платните системи МИПС, КИБС и КАСИС. Вредноста на платните трансакции претставува месечен просек од вредноста на платните трансакции за дванаесетте месеци во годината. | НБРМ, Д | 33,3% | 8,33% |
| **Сложеност (25%)** | Пласмани во и обврски кон странските финансиски институции | Средства на тековните сметки во странските банки, депозити вложени во странските банки, кредити дадени на странските банки и останати странски финансиски институции, вложувања во должнички и сопственички хартии од вредност издадени од странските банки и останати странски финансиски институции, како и обврски евидентирани на тековните сметки на странските банки, депозити од странските финансиски институции, обврски врз основа на кредити кон странските финансиски институции и обврски врз основа на хибридни инструменти и субординирани инструменти кон странските банки и останати странски финансиски институции. | Б, НБРМ | 50% | 12,5% |
| | Платен промет со странство | Вредност на сите плаќања кон и наплати од нерезидентите, во текот на годината. | Б, НБРМ | 50% | 12,5% |

*** Доставени од страна на банките.**
**** Пресметки на Народната банка врз основа на податоци доставени од банките.**
***** Останати институции.**

**Прилог бр. 2**
**Заштитен слој на капиталот за секоја поткатегорија на системска значајност**

| **Поткатегорија на системска значајност** | **Интервал** | **Заштитен слој на капиталот за системски значајни банки** |
|---|---|---|
| 5 | над 3.178 | 3,5% |
| 4 | над 2.471 до 3.178 | 2,5% |
| 3 | над 1.764 до 2.471 | 2,0% |
| 2 | над 1.057 до 1.764 | 1,5% |
| 1 | 350 до 1.057 | 1,0% |